ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-8297/6
Дата, Data 23-11-2020
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.6/2020 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Вопдовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен печат, директорот на претпријатието донесе

ОДЛУКА
за невршење избор на кандидат на давател на јавни услуги
по јавен оглас бр.6/2020 за работно место Главен инженер

Член 1
Во врска со објавениот јавен оглас за вработување на даватели на јавни услуги бр.6/2020 објавен на ден 22.10.2020 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и „Слободен печат“, како и на веб страната на ЈП Водовод и канализација – Скопје за работно место КДР0305Б01089 Главен инженер во Одделение за проектирање, развој и екологија, во Сектор Технички работи и развој, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ.

Член 2
Одлуката влегува во сила по конечноста на истата.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ЈП Водовод и канализација – Скопје на ден 22.10.2020 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и „Слободен печат“, како и на веб страната на претпријатието објави јавен оглас за вработување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 за работно место КДР0305Б01089 Главен инженер во Одделение за проектирање, развој и екологија, во Сектор Технички работи и развој.

Врз основа на објавениот оглас бр.06/2020 за потреба од вработување даватели на јавни услуги, комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение арх.бр.0401-8297/3 од 06.11.2020 година на ден 18.11.2020 година изврши административна селекција на пристигнатите пријави.

Комисијата со записник од спроведената административна селекција на кадидати по јавниот оглас бр.06/2020 за вработување на даватели на јавни услуги заведен под арх.бр.0401-8297/5 од 18.11.2020 година, констатира дека пријавениот кандидат Никола Вучков нема уредена документација од причина што

во јавниот оглас за ова работно место е наведено дека кон пријавата кандидатот треба да достави доказ за работно искуство и тоа три годишно работно искуство во струката, а кандидатот кон пријавата нема доставено доказ за работно искуство во струката.

Комисијата констатира дека по јавниот оглас бр.6/2020 за вработување на давател на јавна услуга за работно место КДР0305Б01089 Главен инженер во Одделение за проектирање, развој и екологија, во Сектор Технички работи и развој нема пристигнато ниту една уредна пријава.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Никола Вучков
  ул.„Џон Кенеди“ бр.27/4-4 Скопје
- Сектор Човечки ресурси
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски